Полициски службеник приведен во Кратово, осомничен дека пукал со службениот пиштол

Автор: **Скопје1.мк** објавено пред 4 часа - 2 август, 2026

МАКЕДОНИЈА



Полициски службеник од Кратово е лишен од слобода поради сомнение дека, додека не бил службено ангажиран, испукал повеќе куршуми од својот службен пиштол во близина на угостителски објект, информира Министерството за внатрешни работи.

Според МВР, на 1 август во 12:15 часот, полициски службеници од ОВР Кратово го привеле М.Н. (34) од кратовско село, кој е вработен како полициски службеник во Министерството за внатрешни работи.

Тој се сомничи дека истиот ден, во период кога не бил службено ангажиран, во близина на угостителски објект во Кратово испукал повеќе куршуми од неговиот службен пиштол.

По приведувањето, тој бил задржан во полициска станица, а од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, во координација со Основното јавно обвинителство, се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

МВР

Сподели

Вечер во Охрид со Ландов и Вик: Антониа Гиговска, Никола Станишиќ, градоначалникот Пецаков,







Поврзани содржини

Избувнал пожар во кујна на маркет во Скопје, нема повредени

МАКЕДОНИЈА | ПРЕД 2 ЧАСА

Тешка сообраќајна несреќа на патот Кичево–Охрид, две лица со тешки повреди

МАКЕДОНИЈА | ПРЕД 4 ЧАСА



Шест физички напади пријавени во Скопје за еден ден

МАКЕДОНИЈА | ПРЕД 4 ЧАСА



Приведен 29-годишник од неготинско, осомничен дека го нападнал својот татко

МАКЕДОНИЈА | ПРЕД 4 ЧАСА

Copyright © 2026 Скопје1.мк